04-1217/23
24.11. 25 година

Врз основа на член 15 од Законот за технолошки индустриски развојни зони „Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр.13/23, 59/25 и 154/25), член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Директорот на Дирекција за технолошки индустриски развојни зони донесе:

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по Интерен оглас број 01/2025 за унапредување на 2 (два) административни службеници во Дирекција за технолошки индустриски развојни зони**

1. Кандидатот Александра Доксимовска врз основа на спроведен Интерен оглас број 01/2025 за унапредување на 2 (два) административни службеници, се избира за работно место УПР0101Б04000 - Раководител на одделение за јавни набавки во Сектор за општи, нормативни работи и јавни набавки - 1 (еден) извршител.
2. Изборот е извршен врз основа на финална ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас број 01/2025, со архивски број 04-1217/22 од 20.11.2025 година.
3. Именуваниот ќе биде унапреден на работно место од став 1 по конечноста на оваа одлука.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на добиеното Известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии бр.19-7771/2 од 17.07.2025 година, заверено во архивата на Дирекцијата под бр.05-990/4 од 17.07.2025 година, Директорот на Дирекцијата до Одделението за управување со човечки ресурси поднесе Барање бр. 04-1217/1 од 28.07.2025 година, за започнување на постапка за унапредување на 2 административни службеници во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

По добиеното барање, Одделението за управување со човечки ресурси на ден 30.07.2025 година, на веб страната на Дирекцијата и на веб страната на Агенцијата за администрација објави интерен оглас број 01/2025 за унапредување на 2 (два) административни службеници во Дирекција за тенолошки индустриски развојни зони.

Под реден број 2 во интерниот оглас е работното место Раководител на одделение за јавни набавки во Сектор за општи, нормативни работи и јавни набавки - 1 (еден) извршител.

Согласно Решението за распишување на избори за членови на советите на општините и советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.167/2025), Директорот на Дирекцијата донесе Решение за ставање во мирување на започнатата постапка за унапредување на 2 (два) административни службеници во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.04-1217/16 од 11.08.2025 година, а врз основа на Заклучокот за завршување на локалните избори 2025 година за избор на членови на советите на општините и совет на Град Скопје и градоначалници на општините и градоначалник на Град Скопје бр. 08-3716/5 од 12.11.2025 година, Директорот на Дирекцијата донесе Решение за продолжување на постапка за унапредување на 2 (два) административни службеници во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.04-1217/18 од 19.11.2025 година.

Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, Комисијата за унапредување на административен службеник формирана од страна на Директорот на Дирекцијата со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување на административен службеник бр.04-1217/6 од 01.08.2025 година и Решение за измена на решението за формирање на комисија за селекција за унапредување бр.04-1217/19 од 19.11.2025 година, направи административна селекција на единствениот пријавен кандидат кој ги исполнува условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

Врз основа на освоените бодови од административна селекција и освоени бодови од спроведеното интервју, Комисијата состави Записник од административна селекција бр.04-1217/20 од 20.11.2025 година за унапредување на административен службеник, Записник од спроведено интервју бр.04-1217/22 од 20.11.2025 година за работно место под реден број 2 во огласот и изготви Финална ранг листа на интервјуирани кандидати како и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас број 01/2025.

Врз основа на горенаведеното Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони донесе Одлука за избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување на административниот службеник

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен, во рок од 8 дена сметано од денот на приемот на решението

Директор
Д-р Гоце Димовски

Доставено до:
-Именуваниот административен службеник
-Одделение за управување со човечки ресурси
-Одделение за финансиски прашања
-Архива

Изработил: Маја Базерковска
Контролирал: Ирена К. Стојанова
Согласен: Маја Жупаноска Стефановска